*СОЦИОЛОГИЈА НА ГРАДОТ - СОЦИОЛОШКА ХРЕСТОМАТИЈА*, Илија Ацески, *Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за социологија, Скопје, 1995, 529 стр.*

Неодамна од печат излезе книгата *„Социологија на градот"* од д-р Илија Ацески, значајно издание чие објавување, поради неговите одлики, несомнено заслужува да биде одбележано. „Социологија на градот" е првата книга од подрачјето на урбаната социологија објавена на македонски јазик. Воедно таа претставува многу значајна социолошка хрестоматија бидејќи во неа се поместени преку четириесет преводи на текстови од преку триесет познати автори кои се занимаваат со оваа проблематика. Треба да се истакне дека станува збор за навистина репрезентативен избор на текстови кои извршиле силно влијание на развојот на урбаната социологија, а дел од нив за прв пат се појавуваат во превод, не само на македонски јазик туку и воопшто на некој од јазиците на другите јужнословенски народи. Со тоа се покрива една голема празнина која постоеше при изведувањето на наставата по истоимениот предмет на студиите по социологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Книгата е поделена на шест тематски подрачја покривајќи на тој начин повеќе значајни прашања кои се во фокусот на урбаната социологија и воведна студија на авторот, во која тој дава пресек на осумдецениskиот развој на оваа социолошка дисциплина, ги потенцира најзначајните автори и општествени процеси кои ги иницирале и понатаму ги развивале социолошките проучувања на градот, за на крајот да направи осврт на процесот на урбанизација во нашата земја.

Според авторот, карактеристиките на процесот на урбанизацијата во Македонија се прво, пренагласениот квантитативен развој на градовите предизвикан пред сѐ од механичкиот прилив на население од селата во градовите, а кој се манифестира преку недостиг на станови, невработеност, ниска урбанизираност на периферните делови на градот и слично; второ, на планот на распределбата на населението во просторот имаме, од една страна, претерана концентрација на населението и материјалните добра во градот (особено во поголемите градови), а од друга, делумно или целосно депопуларизирани и неразвиени

рурални подрачја; трето, во просторот на големите градови се формираа два спротивставени полови – центар каде се сконцентрирани скоро сите материјални и духовни вредности и периферијата како деградиран простор; четврто, процесот на урбанизација на градовите во Македонија има карактеристики на хиперурбанизација со нагласено централистички тенденции; и петто, тој процес довел до отсуство на т.н. преодни форми на населби меѓу градот и селото.

Во поглавјето насловено „Градот низ просторот и времето" преку повеќе текстови на Луис Мамфорд, Гидеон Сјоберг, Жан Готман, Мануел Кастелс и други автори даден е пресек на историскиот развој на урбаните населби, т.е. градот од неговите почетоци до денес. „Човекот и градот" е поглавје каде за таа релација пишуваат Роберт Парк, Ернест Барџес, Луис Вирт, Роберт Пал и други. Пресек на социолошките проучувања на градот како релевантна социолошка категорија е даден во поглавјето „Урбаното прашање во модерните општества" и тука се посместени преводите од делата на врвни имиња во урбаната социологија како М.Кастелс и Вилијам Фланеген. Начинот на живот во градот е прашање кое во урбаната социологија се наметнало уште од самите нејзини почетоци и чија актуелност трае сé до денес. Тоа, со соодветни текстови на Е. Бергел, В. Фланеген и други е покриено во поглавјето „Карактеристики на животот во градот". Прашањата за социолошките аспекти на урбаното планирање, семејниот живот и домувањето во градот се сместени во двете последни поглавја „Семејниот живот и домувањето во градот" и „Планирање на градот".

„Социологија на градот" е книга која заслужува да се чита бидејќи нуди широк избор на текстови и покрива широк дијапазон прашања. Таа претставува корисен прирачник како за студентите кои ја изучуваат оваа проблематика, така и за сите оние кои професионално или емотивно се поврзани со градот.

**Васил Плушкоски**